РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
бр. 19-2083/1
01 03 2012 год.
СКОПЈЕ

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Биро за развој на образованието
СКОПЈЕ

| Примено: 5. 03. 2012 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 07 | 922/1 | | |

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" бр.58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11), и член 25 став 2 и 5 од Законот за основното образование („Службен весник на Република Македонија"бр. 103/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11 и 6/12), министерот за образование и наука донесе

# РЕШЕНИЕ
## за изменување на дел од наставните програми за основно образование во делот на нормативот за наставен кадар

1. Со ова Решение се менуваат дел од наставните програми за основно образование во делот на нормативот за наставниот кадар и тоа:

**„Норматив за наставен кадар по македонски јазик:**

Настава по македонски јазик од VI до IX одделение од деветгодишно основно образование може да изведува лице кое завршило:

Филолошки (порано Филозофки) факултет:

- студиска група за македонски јазик и македонска книжевност,
- студиска група за македонски јазик и книжевност,
- студиска група за македонска книжевност и јужнословенски книжевности (порано книжевности на народите на СФРЈ),
- студиска група за општа и компаративна книжевност-наставна насока,
- студиска група за општа и компаративна книжевност-друга насока со здобиена соодветна педагошко-психолошка и методска подготовка на соодветен факултет
- двопредметни студии по македонски јазик и англиски јазик; македонски јазик и француски јазик; македонски јазик и германски јазик,

Доколку на објавениот јавен оглас не конкурирало лице со стекнато образование од горенаведените студиски групи, може да изведува настава и лице кое завршило:

- македонски јазик како втор главен предмет-наставна насока."

**„Норматив за наставен кадар по македонски јазик за учениците од другите заедници за основно образование:**

Настава по македонски јазик за учениците од другите заедници од деветгодишно основно образование може да изведува лице кое завршило:

Филолошки факултет:

- студиска група за македонски јазик и македонска книжевност-наставна насока,
- студиска група за македонски јазик, српски јазик и книжевност-наставна насока,
- студиска група за македонска книжевност и јужнословенски книжевности со македонски јазик како втор главен предмет- наставна насока,
- студиска група за македонски јазик и книжевност како вроp главен предмет-

Педагошки факултет:

- група одделенска настава на македонски јазик (во одделенска настава),

АРХИВСКИ ПРИМЕРОК

- двопредметни студии по македонски јазик и англиски јазик; македонски јазик и француски јазик; македонски јазик и германски јазик,
- студиска група за општа и компаративна книжевност-наставна насока,
- студиска група за општа и компаративна книжевност-друга насока со здобиена соодветна педагошко-психолошка и методска подготовка на соодветен факултет."

**„Норматив за наставен кадар по англиски јазик:**

Настава по англиски јазик од VI до IX одделение од деветгодишно основно образование може да изведува лице кое завршило:

- студии по англиски јазик и литература-наставна насока,
- студии по англиски јазик и книжевност,
- студии по англиски јазик и литература-друга насока со здобиена соодветна педагошко-психолошка и методска подготовка на соодветен факултет.
- двопредметни студии по македонски и англиски јазик.„

**„Норматив за наставен кадар по француски јазик:**

Настава по француски јазик од VI до IX одделение од деветгодишно основно образование може да изведува лице кое завршило:

- студии по француски јазик и литература-наставна насока,
- студии по француски јазик и книжевност,
- студии по француски јазик и литература-друга насока со здобиена соодветна педагошко-психолошка и методска подготовка на соодветен факултет.
- двопредметни студии по македонски и француски јазик."

**„Норматив за наставен кадар по германски јазик:**

Настава по германски јазик од VI до IX одделение од деветгодишно основно образование може да изведува лице кое завршило:

- студии по германски јазик и литература-наставна насока,
- студии по германски јазик и книжевност,
- студии по германски јазик и литература-друга насока со здобиена соодветна педагошко-психолошка и методска подготовка на соодветен факултет."
- двопредметни студии по македонски и германски јазик."

2. Ова решение влегува во сила со денот на неговото донесување.

## Образложение

Согласно член 25 став 2 од Законот за основното образование („Службен весник на Република Македонија"бр. 103/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11 и 6/12) во основното училиште воспитно-образовната работа се организира и остварува според наставен план и програми кои, на предлог на Бирото за развој на образованието, ги утврдува министерот за образование и наука. Согласно ставот 5 со наставните програми се определуваат наставните цели, содржините, основните поими, активностите и методите во наставата, оценувањето на постигањата на учениците, условите за реализирање на наставната програма и нормативот за наставен кадар.

Согласно Записникот од работната група за изменување на нормативот за наставниот кадар во основното и средното образование бр. 02-4888/1 од 1.12.2011

година Бирото за развој на образованието предлага измени на наставните програми во делот на нормативот за наставниот кадар во основното деветгодишно образование.

Согласно наведеното се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

МИНИСТЕР,
м-р Панче Кралев

Доставено до:
-Сектор за основно и средно образование
-Бирото за развој на образованието
-архива

Изготвил/проверил: Милка Масникоса/ Митко Чешларов
одобрил: Елизабета Тодоровска